МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

# КАКВИ РЕФОРМИ ВО ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ?

**извештај од спроведено истражување**

**октомври-ноември 2024**

## ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражувањето е да се идентификуваат и споредат мислењата на учениците и наставниците во врска со различни аспекти од гимназиското образование за да може да се утврдат нивните преференции за промени кои би придонеле за подобрување на гимназиското образование во нашата држава.

## ИНСТРУМЕНТИ И ПОСТАПКА НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Истражувањето е базирано на анкета што е спроведена во текот на октомври 2024. За прибирање на податоците за мислењата на наставниците и учениците користен е прашалник изработен за потребите на истражувањето. Двете верзии на прашалникот (едната наменета за наставниците, а другата за учениците) ги содржат истите 10 прашања, додека прашалникот за учениците вклучува и дополнителни 2 прашања. Од заедничките 10 прашања се однесуваат на мислењето на учесниците за тековната состојба во гимназиското образование, додека 3 во верзијата за наставниците, односно 5 во верзијата за учениците прашуваат за нивните преференции во врска со конкретни потенцијални промени за подобрување на гимназиското образование.

Сите прашања во прашалникот се со понудени одговори, при што на 4 од нив се одговара со избор на еден од понудените можности, додека останатите (6 односно 8 прашања) овозможуваат избор до три понудени одговори.

Прашалникот е подготвен во три јазични верзии: македонски, албански и турски јазик. На учесниците им беше задаван електронски, преку google forms. Процесот на задавање беше контролиран од страна на советниците од БРО

## УЧЕСНИЦИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето учествуваа наставници и ученици од сите постоечки гимназии и гимназиски паралелки во средните училишта во земјата. Со анкетата беа опфатени 80% од наставниците и 77% од учениците кои работат, односно учат во овие училишта. Овие бројки овозможуваат двата примерока да се сметаат за репрезентативни и добиените резултати да се третираат како податоци што се однесуваат на двете популации.

Во финалниот примерок[1] се вклучени 1772 наставници од кои 1319 (74,4%) што ја изведуваат наставата на македонски јазик, 412 (23,3%) на албански јазик и 41 (2,3%) на турски јазик. Најголем дел од нив (94,9%) изведуваат настава по предметите што се задолжителни за сите ученици. Структурата на примерокот наставници според предметите кои ги предаваат, наставниот јазик и полот е презентирана во табела 1.

[1] Од финалниот примерок се исклучени наставниците и ученици од Математичко-информатичката гимназија и од Државните училишта за физичка култура.

Табела 1. Структура на примерокот НАСТАВНИЦИ според наставен јазик, пол и предмет/предметно подрачје што го предаваат

| Предмет/ предметно подрачје | МАК | | АЛБ | | ТУР | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | |
| *Задолжителни предмети за сите ученици* | | | | | | | | |
| Македонски/Албански/Турски јазик и литература | 22 | 176 | 11 | 48 | 5 | 3 | **265** | |
| Англиски Јазик | 13 | 114 | 10 | 32 | 0 | 0 | **169** | |
| Втор странски јазик | 8 | 101 | 7 | 31 | 1 | 0 | **148** | |
| Математика | 26 | 119 | 20 | 24 | 4 | 1 | **194** | |
| Физика | 29 | 46 | 12 | 13 | 1 | 1 | **102** | |
| Хемија | 9 | 58 | 8 | 16 | 0 | 1 | **92** | |
| Биологија | 7 | 58 | 4 | 14 | 0 | 3 | **86** | |
| Историја | 38 | 30 | 19 | 6 | 1 | 2 | **96** | **1681 (94,9%)** |
| Географија | 13 | 27 | 9 | 4 | 2 | 1 | **56** | |
| Социологија | 6 | 26 | 4 | 7 | 2 | 0 | **45** | |
| Филозофија (Логика/Етика) | 15 | 33 | 5 | 4 | 0 | 1 | **58** | |
| Информатика (Програмски јазици) | 14 | 46 | 9 | 8 | 1 | 2 | **80** | |
| Бизнис и претприемништво (Економија/Менаџмент) | 17 | 38 | 5 | 12 | 3 | 2 | **77** | |
| Ликовна уметност | 16 | 16 | 3 | 6 | 3 | 0 | **44** | |
| Музичка уметност | 21 | 13 | 2 | 4 | 0 | 0 | **40** | |
| Спорт и спортски активности | 75 | 21 | 29 | 4 | 0 | 0 | **129** | |
| *Само предмети од одделни подрачја* | | | | | | | | |
| Трет странски јазик | 1 | 4 | 2 | 2 | 0 | 0 | **9** | |
| Вовед во право | 2 | 5 | 1 | 7 | 0 | 1 | **16** | |
| Психологија | 3 | 20 | 0 | 4 | 0 | 0 | **27** | **91 (5,1%)** |
| Педагогија | 1 | 14 | 2 | 3 | 0 | 0 | **20** | |
| Драмска Уметност | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** | |
| Класични јазици | 4 | 12 | 1 | 0 | 0 | 0 | **17** | |
| **Вкупно по пол** | **340** | **979** | **163** | **249** | **23** | **18** | **1772** | |
| **Вкупно по наставен јазик** | **1319 (74,4%)** | | **412 (23,3%)** | | **41 (2,3%)** | | | |

Вкупниот број ученици вклучени во истражувањето изнесува 7110, од кои 3589 (50,5%) се од 3. година, а 3521 (49,5%) се од 4. година. При тоа, 3678 (51,8%) од нив учат во природно-математичко, 2825 (39,7%) во општествено-хуманистичко и 607 (8,5%) во уметничко-јазично подрачје на гимназиското образование. Структурата на примерокот ученици според наставниот јазик, подрачјата, годината и полот е презентирана во табела 2.

Табела 2. Структура на примерокот УЧЕНИЦИ според наставен јазик, подрачје на образование, година и пол

| | | МАК | | АЛБ | | ТУР | | Вкупно по подрачја |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачја** | **Година** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | |
| Природно-математичко А | 3 | 378 | 366 | 110 | 120 | 7 | 5 | **1974 (27,8%)** |
| | 4 | 406 | 348 | 111 | 109 | 3 | 11 | |
| Природно-математичко Б | 3 | 175 | 391 | 85 | 168 | 32 | 23 | **1704 (24,0%)** |
| | 4 | 200 | 364 | 83 | 130 | 26 | 27 | |
| Општествено-хуманистичко А | 3 | 340 | 415 | 161 | 170 | 14 | 14 | **2126 (29,9%)** |
| | 4 | 290 | 382 | 138 | 179 | 10 | 13 | |
| Општествено-хуманистичко Б | 3 | 90 | 179 | 29 | 35 | 2 | 0 | **699 (9,8%)** |
| | 4 | 87 | 209 | 30 | 30 | 5 | 3 | |
| Јазично-уметничко А | 3 | 18 | 75 | 5 | 21 | 0 | 0 | **264 (3,7%)** |
| | 4 | 22 | 94 | 15 | 11 | 3 | 0 | |
| Јазично-уметничко Б | 3 | 25 | 107 | 15 | 14 | 0 | 0 | **343 (4,8%)** |
| | 4 | 56 | 118 | 0 | 8 | 0 | 0 | |
| **Вкупно по пол** | | **2087** | **3048** | **782** | **995** | **102** | **96** | **7110** |
| **Вкупно по наставен јазик** | | **5135 (72,2%)** | | **1777 (25,0%)** | | **198 (2,8%)** | | |

# РЕЗУЛТАТИ

Резултатите се прикажани со помош на графици што ги содржат процентите на направени избори од страна на наставниците, односно учениците, застапени во соодветниот примерок. Одговорите на сите заеднички прашања од прашалникот се презентирани паралелно, за да се добие непосреден увид во разликите и сличностите во мислењата на наставниците и учениците. Секаде каде што е релевантно, споредбено се прикажани и резултатите добиени од учениците од различно подрачје на гимназиското образование. Како индикатори на значајни избори се третираат процентите што се повисоки од 20%, додека за пониските од 20% не се смета дека се битни за определување на преференциите на наставниците и учениците.




График 1. Процентуална затапеност на одговорите на прашањето: *Што треба да се промени за да се подобри квалитетот на постоечкото гимназиско образование?* (3 можни избори).

Резултатите покажуваат дека 93% од наставниците и учениците мислат дека треба да се воведат промени во гимназиското образование за да се подобри неговиот квалитет (график 1). Најпосакуваната промена за учениците е во бројот и видот на предметите што се учат (62,1%). Највисоко рангираните преференции на наставниците се однесуваат исто така на бројот и видот на наставните предмети (54,1%), но и на содржините што ги покриваат наставните предмети (54,7%). За учениците не е битно дали ќе се промени бројот на понудените подрачја на гимназиското образование, ниту пак од што ќе се учи, туку е битно како професорите треба да им предаваат (46%), како да ги оценуваат (41,5%) и што треба тие да учат (37,7%). Помал, но значителен дел од наставниците сметаат дека е важно да се промени како тие предаваат (27,7%), колку подрачја ќе се нудат (25%), од што ќе се учи (24,6%) и како ќе се оценува (24%).

Споредбата по наставни јазици покажува дека преференциите на наставнците од сите наставни јазици се рангирани на ист начин

На прашањето во врска со подрачјата во гимназиското образование (график 2), најпреферирано за наставниците е да нема подрачја, а насочувањето да се обезбеди или преку избор на предмети на напредно ниво (25,6%), или преку понуда на изборни предмети што учениците самите ќе ги бираат (21,3%). Сепак, една третина од наставниците (33,5%) сметаат дека нема потреба да се менува бројот на постоечките подрачја. Споредено со наставниците, застапеноста на ученици кои мислат дека е најдобра можноста за избор во отсуство на однапред дефинирани подрачја е поизразена и надминува една половина (58,9%), додека постоечката ситуација не им пречи на помал дел од учениците (29,9%). Ниту за наставниците, ниту за учениците не е прифатливо сите гимназијалци да ги учат истите предмети, ниту пак да се намали бројот на постоечките подрачја преку исклучување на оние за кои постојат специјализирани средни училишта.




График 2. Процентуална застапеност на одговорите на прашањето: *Што мислиш/мислите во врска со постоечките подрачја во гимназиското образование?*

Добиените резултати презентирани во график 3 укажуваат на видливи разлики меѓу мислењата на наставниците и учениците во врска со можните промени во бројот на предмети што се учат. За разлика од најголемиот дел од наставниците (39,7%) кои сметаат дека бројот на предмети може да остане ист под услов да се зголеми можноста за избор (наспроти 27,3% од учениците кои го мислат истото), најголемиот дел од учениците (36,9%) посакува намалување на вкупниот број предмети што се учат во сите четири години (наспроти 24,4% од наставниците што се согласуваат со ова мислење).




График 3. Процентуална застапеност на одговорите на прашањето: *Што мислиш/мислите во врска со бројот на предмети што се учат?*




График 4. Процентуална затапеност на одговорите на прашањето: *Што мислиш/мислите во врска со содржината (она што се учи) во повеќето предмети?* (3 можни избори)

Во однос на прашањето во врска со она што се учи во повеќето предмети (график 4), меѓу наставниците доминира мислењето дека промената треба да се фокусираат на развој на критичкото мислење кај учениците (49,1%) и на учењето работи што се корисни за натамошното образование на учениците (42%), додека учениците најмногу би сакале да се учат работи што се корисни во секојдневниот живот (51,8%). Голема разлика во преференциите на учениците и наставниците се забележува околу можноста учениците да бираат што ќе учат согласно нивните интереси и потреби (37,5% од учениците, наспроти само 21,5% од наставниците), додека за сите други понудени опции (стекнување повеќе практични отколку теориски знаења и учење за помалку работи, но посуштински) мислењата на едните и другите се доста слични.




График 5. Процентуална затапеност на одговорите на учениците на прашањето: *Кои од наведените задолжителни предмети што ги учат сите ученици во гимназиското образование би можело да се исклучат или да се префрлат во соодветно подрачје?* (3 можни избори)

На барањето да ги идентификуваат оние задолжителни предмети што ги учат сите гимназијалци кои би можеле да се исклучат или да се префрлат во подрачјето на кое припаѓаат, не се добиени воедначени одговори од страна на учениците од различните подрачја на гимназиското образование (график 5). За учениците кои учат во природно-математичко подрачје (А и Б) такви предмети се Социологија и Филозофија, како и Ликовна и Музичка уметност. Учениците од општествено-хуманистичкото (А и Б) и јазично-уметничкото подрачје (А и Б) како такви ги посочиле предметите Физика и Хемија. Истовремено, во рамки на секое подрачје, скоро и да нема ученици кои посакуваат исклучување/префрлување на предметот Македонски/Албански/Турски јазик и литература, на предметот Англиски јазик и на предметот Спорт и спортски активности. Посебно треба да се напомене дека за исклучување на предметот Македонски јазик наменет за учениците кои не учат на македонски наставен јазик се определиле исклучително низок процент од гимназијалците од албански наставен јазик (8%) и од турски наставен јазик (7,5%).




График 6. Процентуална затапеност на одговорите на учениците на прашањето: *Кои од наведените предмети што сега се застапени во изборните подрачја во 3. и 4. година би биле корисни да ги учат сите ученици во гимназиското образование?* (3 можни избори).

Резултатите презентирани во график 6 покажуваат дека на барањето да ги издвојат оние предмети што се сега застапени само во изборните подрачја во 3. и 4. година за кои мислат дека би било корисно да станат задолжителни за сите гимназијалци, учениците од сите подрачја посочиле на неколку предмети. При тоа, како далеку најизразена преференција на сите ученици е предметот Психологија кој го избрале 42,4% од сите ученици во примерокот (41,5% од учениците од македонски наставен јазик, 44,1% од учениците од албански наставен јазик и 49,4% од учениците од турски наставен јазик. Помалку преферирани, но избрани од значителен дел од учениците (независно од подрачјата) се предметите Менаџмент (24,9%) и Логика (22,4%). Од друга страна Предметот Економија го посочуваат учениците од природно-математичкото (А и Б) и општествено-хуманистичкото (А и Б) подрачје, додека само учениците од природно-математичкото подрачје (А и Б) дополнително го препорачуваат и предметот Програмски јазик. Предметот Педагогија е идентификуван како општо корисен за сите ученици само од страна на учениците од јазично-уметничкото подрачје (главно Б).




График 7. Процентуална затапеност на одговорите на прашањето:
*Што мислиш/мислите во врска со НАСТАВАТА?* (3 можни избори)

Во однос на прашањето во врска со наставата (график 7), повеќе од половината од наставниците би сакале учениците да учат на часовите преку дискусии (55,9%, наспроти само 31,6% од учениците) или преку изведбени активности (52,1%). Воведувањето изведбени активности е најпреферираната промена и од страна на учениците (60%), по што следи учењето преку истражувања и проекти (50,5%), што е најмалку посакувана промена од страна на наставниците (32,3%). За користењето интересни материјали во предавањата се подеднакво заинтересирани

и наставниците (43,6%) и учениците (46,2%), додека за користење информатичка технологија далеку позаинтересирани се наставниците (42,6%) отколку учениците (26,8%).




График 8. Процентуална затапеност на одговорите на прашањето:
*Што мислиш/мислите во врска со оценувањето на учениците?* (3 можни избори)

Одговорите на прашањето за тоа како да се оценуваат учениците (график 8) покажуваат дека убедливо најголем дел од наставниците (82,7%0 и од учениците (69,7%) сметаат дека оценката треба да го земе предвид целокупниот ангажман на учениците на часовите, наспроти тоа да се базира само на поените што се добиваат од тестовите/писмените работи. За половина од учениците (50,25%) е битно однапред да бидат информирани што ќе се бара да знаат и како тоа ќе се оценува, додека по помалку од една третина од нив акцентот го ставаат на објективноста на оценката (31,1%) или на повратната информација за напредокот во учењето (30,5%). За овие три понудени можности се определиле околу 40% од наставниците.

Во однос на прашањето во врска со учебниците (график 9), сите понудени одговори се покажале посакувани, но рангирањето на преференциите на убедливо прво место и за наставниците (71,7%0 и за учениците (54,8%) ја става достапноста до печатени учебници за сите предмети. Кај наставниците, посебно се издвојува и достапноста на други материјали за учење ( (56,5%), додека кај учениците, освен дополнителните материјали (38,3%), голем дел посакуваат учебниците да имаат функција да го поддржуваат учењето, наместо да бидат незаменливо средство за учење (35,1%).




График 9. Процентуална затапеност на одговорите на прашањето:
*Што мислиш/мислите во врска со учебниците?* (3 можни избори)




График 10. Процентуална затапеност на одговорите на прашањето:
*Што мислиш/мислите во врска со училиштето?* (3 можни избори)

Во врска со придонесот на училиштето (график 10), посакувано за повеќе од половината од учениците (59,3%) е да им се овозможат воннаставни активности што ќе бидат корисни и интересни. Повеќе од половината од наставниците (53,3%)се согласуваат со учениците околу воннаставните активности, но мислат дека е важно и учеството на учениците во активности што се корисни за заедницата (50,2%), што е помалку посакувано од страна на учениците (35,3%). Високо преферирани и од страна на наставниците и од страна на учениците се и другите понудени можности со кои се обезбедува: учеството на учениците во донесувањето одлуки за прашања што нив ги тангираат, доволно време повеќето работи да се научат во училиште и учениците да се чувствуваат безбедни во училиште.

## ЗАКЛУЧОЦИ

И наставниците и учениците се согласни околу потребата да се воведат промени во гимназиското образование. И за едните и за другите најприоритетни се промените во тоа колку и кои предмети се учат, при што учениците го ставаат акцентот на намалување на вкупниот број на предмети, а наставниците на зголемување на бројот на изборните на сметка на задолжителните предмети. Овие разлики ја потенцираат потребата од реформи кои ќе постигнат баланс меѓу задоволување на барањето за поголема индивидуализација преку изборни предмети, што е приоритет за наставниците, и желбата за намалување на оптовареноста со наставни предмети, што е важно за учениците.

Во споредба со другите сфери на можна интервенција, промената во застапеноста на подрачјата на гимназиското образование не се смета за приоритет. Сепак, ниту наставниците, ниту учениците не мислат дека изедначувањето на образованието за сите гимназијалци, или простото намалување на бројот на подрачјата би било продуктивно. Поголемиот дел сметаат дека насочувањето треба самите гимназијалци да си го прават преку избор или од понудени предмети на напредно ниво, или од понудени предмети од определена насока.

Од исклучителна важност за наставниците е промените да обрнат внимание на тоа што ќе се учи во рамки на наставните предмети. Во врска со тоа, наставниците очекуваат, преку изучувањето на предметите учениците да се оспособат да размислуваат и самите да изведуваат заклучоци (да се поттикне развојот на критичкото размислување). Додека за учениците е најприоритетно да им се овозможи да учат работи што се корисни во секојдневниот живот, за наставниците е поважно во гимназија да се учат работи што се корисни за натамошното образование.

Учениците, независно во кое подрачје на гимназиското образование учат и на кој наставен јазик учат, препорачуваат Психологија да прерасне во задолжителен предмет за сите гимназијалци. Дел од нив како корисни предмети ги сметаат и Логика и Менаџмент, а со оглед на тоа дека во иста категорија дел од учениците го сместуваат и предметот Економија, очигледно е дека се свесни за потребата гимназиското образование да ги подготви за предизвиците со кои ќе се среќаваат во секојдневниот живот. Од друга страна, за предметите Социологија и Филозофија, Ликовна и Музичка уметност, како и Физика и Хемија, кои сега го имаат статусот на задолжителни предмети во 1. и 2. година, учениците кои учат во подрачјата на кои не им припаѓаат овие предмети препорачуваат да се исклучат или да останат само во подрачјето на кое му припаѓаат.

За учениците е многу важно да се воведат промени во начинот на кој се одвива наставата и како се оценува. Наставниците се согласуваат со нив дека е исклучително битно во наставата да се вклучат повеќе практични активности за да се олесни учењето, но нема консензус околу наставните методи – додека за учениците е побитно да се учи преку истражувања и проекти, за наставниците е поефикасно да се дискутира за време на часовите. Во врска со оценувањето постои согласност меѓу едните и другите дека е важно оценката да го земе предвид целокупниот ангажман на учениците на часовите, наспроти тоа да се базира само на поените што се добиваат од тестовите/писмените работи.

Промените во материјалите за учење не се сметаат за приоритет, иако изгледа дека им се поважни на наставниците отколку на учениците. Достапноста до печатени учебници за сите предмети е важна и за наставниците и за учениците, но е поголем приоритет за наставниците. Дополнително, наставниците посебно инсистираа и на достапност на други материјали за учење, веројатно очекувајќи од институциите да ги подготват.

И наставниците и учениците би сакале училиштето да им нуди на учениците воннаставни активности што ќе бидат корисни и интересни. Наставниците очекуваат од училиштето да им овозможи учество во општествено корисна работа.

## ПРЕПОРАКИ

Од добиените резултати произлегуваат следните препораки за унапредување на гимназиското образование во Република Северна Македонија:

1. **Ревизија на наставниот план:**
    - Укинување на подрачјата на гимназиско образование и насочување на учениците врз основа на изборни предмети што самите ги бираат според своите интереси/потреби и планови за натамошно образование.
    - Намалување на вкупниот број на предмети и зголемување на бројот на изборни предмети за да се овозможи поголема флексибилност и насоченост кон интересите и потребите на учениците.
    - Воведување Психологија како задолжителен предмет за сите.
2. **Ревизија на наставните програми:**
    - Приближување на содржината на наставните предметите до учениците на начин кој ќе овозможи да го доживуваат тоа што го учат како релевантно и корисно.
    - Воведување нови содржини (како на пример, од логика, менаџмент и економија) кои ќе ги подготват учениците за секојдневните животни предизвици.
    - Обезбедување стандарди за оценување како конкретни резултати од учење за секоја содржина од наставните програми што би овозможило поголема објективност во оценувањето.
3. **Осовременување на наставата:**
    - Зголемување на практичните активности во наставата, вклучително истражувања, проекти и дискусии за подобро разбирање на материјалот.
    - Воспоставување на систем за оценување кој ќе го земе предвид целокупниот ангажман на учениците, не само тестовите и писмените работи.

- Обезбедување достапност на печатени учебници за сите предмети, со можност за дополнување со дигитални и интерактивни материјали за учење.
- Поттикнување институционална поддршка за подготовка и достапност на алтернативни материјали за учење.

4. **Поддршка за воннаставни активности:**
   - Обезбедување на корисни и интересни воннаставни активности за учениците, со фокус на развој на социјалните и практичните вештини.
   - Поттикнување на општествено корисна работа како дел од образовниот процес, овозможувајќи ангажирање на учениците во активности кои ќе придонесат за заедницата.
5. **Професионален развој на наставниците:**
   - Обуки на наставниците за реализација на современи наставни методи и пристапи во наставата што ги третираат учениците како активни чинители во наставниот процес и овозможуваат учење за време на часовите.
   - Обука на наставниците за формативно оценување што го подржува учењето и сумативно оценување што ги вклучува сите аспекти од постигањата на учениците во вкупната оцена.